Продукцијата АНИМО ГРАНДЕ ви претставува

ánimo grande PRODUCTIONS, INC

#1

# АНА СОНЧЕВЗРАК™ и пријателите

## ГО ЗАШТИТУВААТ ЖИВОТОТ ВО ВОДАТА!



COMICS UNITING NATIONS

unicef

SUSTAINABLE DEVELOPMENT GOALS

14 ЖИВОТОТ ВО ВОДАТА

АВАНТУРА КОЈА ГИ ПОДДРЖУВА **ОДРЖЛИВИТЕ РАЗВОЈНИ ЦЕЛИ**

**АНА СОНЧЕВЗРАК™ и пријателите**

# ЈА ЗНАЕТЕ ЛИ АНА СОНЧЕВЗРАК?

АНА СОНЧЕВЗРАК Е ВСЕЛЕНСКО БИТИЕ СО НЕВЕРОЈАТНИ МОЌИ И ВОНЗЕМСКА ТЕХНОЛОГИЈА.
ТАА Е ХЕРОЈСКИ ВОДАЧ НА ЕКИПАТА „РЕШЕНИЕ ЗА ЗАГАДУВАЊЕТО“ (РЗЗ), БИТИЕ КОЕ НЕ СТАРЕЕ И КОЕ ДОЈДЕ НА ПЛАНЕТАТА ЗЕМЈА ВО СВОЈОТ ВСЕЛЕНСКИ БРОД КОЈ ПОСЕДУВА НАПРЕДНА ТЕХНОЛОГИЈА И КОЈ МОЖЕ ДА ПЛОВИ ПОД ВОДА. ТАА ДОЈДЕ НА ЗЕМЈАТА НА ОДМОР И СТАПИ ВО КОНТАКТ СО СИТЕ ЧЛЕНОВИ НА ЕКИПАТА РЗЗ ОД ЦЕЛИОТ СВЕТ. НА СВОЕТО ПАТУВАЊЕ, АНА ДОЗНА ЗА ГОЛЕМИТЕ ШТЕТИ КОИ Ѝ СЕ НАНЕСУВААТ НА ЗЕМЈАТА И НА НЕЈЗИНИТЕ ПРИРОДНИ РЕСУРСИ. НЕЈЗИНИОТ ОДМОР СЕ ПРЕТВОРИ ВО ИСТРАГА НА ЕДНА ЧУДНА ЗАШЕМЕТЕНОСТ КОЈА ВЛИЈАЕ НА ЛУЃЕТО И НА НАЧИНОТ НА КОЈ ТИЕ БЕЗ ГРИЖА СЕ ОДНЕСУВААТ КОН СВОЈАТА ПЛАНЕТА.
АНА КОМУНИЦИРА СО ЖИВОТНИТЕ И ЛУЃЕТО. ТАА ИМА ХОЛОГРАФСКИ СОНЧЕВОЗРАЧНИ ОЧИЛА И ВСЕЛЕНСКИ БРОД СО СУПЕР МОЌИ И КАПАЦИТЕТИ ЗА КОМУНИКАЦИЈА. ТИЕ ЕМИТУВААТ СОНЧЕВИ ЗРАЦИ КОИ ПРИВРЕМЕНО ЈА РАЗБИВААТ ЗАШЕМЕТЕНОСТА КОЈА ГО КОНТРОЛИРА УМОТ НА ЛУЃЕТО И КОЈА ВЛИЈАЕ НА ЛУЃЕТО И НА НАЧИНОТ НА КОЈ ТИЕ Ѝ НАНЕСУВААТ ШТЕТИ НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА, НА ОКЕАНИТЕ, РЕКИТЕ И ВОДОТЕЦИТЕ. ТИЕ ИСТО ТАКА ЈА ПОВРЗУВААТ АНА СО НЕЈЗИНАТА РЗЗ ЕКИПА.



ЗАШТИТАТА НА ОКЕАНИТЕ, РИБИТЕ И НА ЖИВИОТ СВЕТ КОИ ЖИВЕАТ ВО НИВ Е ЧЕТИРИНАЕСЕТАТА ОД ВКУПНО СЕДУМНАЕСЕТ ЦЕЛИ ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ (СКРАТЕНО СЕ ВИКААТ ЦОР). ПРИДРУЖЕТЕ ИМ СЕ НА АНА И НА ПРИЈАТЕЛИТЕ НА ОВАА ВАЖНА ЗАДАЧА ЗА ПОДИГНУВАЊЕ НА СВЕСТА И ЗА ПРОМЕНИ ЗА ДОБРОТО НА СИТЕ.

Ана Сончевзрак и пријателите: Заштита на животот во водата е авторско право на 2017 Annie Sunbeam LLC 4044 NE 7th Avenue, Suite 100 Fort Lauderdale, FL 33334. Сите права се задржани во САД. „АНА СОНЧЕВЗРАК И ПРИЈАТЕЛИТЕ“ е трговска марка во сопственост на Annie Sunnbeam LLC. Сите имиња, ликови, настани и локации во оваа книга се целосно измислени. Секоја сличност со вистински лица (живи или мртви), настани или места е случајна. Ниту еден дел од оваа книга не смее да се создава или препечатува без писмено одобрение од Annie Sunbeam LLC. За прашања поврзани со печатење, лиценцирање, медиуми или слично, контактирајте со sales@kreativekontent.com. За повеќе информации, посетете ја страницата www.anniesunbeam.com.


ВЕДНАШ ПО ПЛАНЕТАТА ВЕНЕРА...
АНА, НАСКОРО ЌЕ ПРИСТИГНЕМЕ НА ЗЕМЈАТА.
ТОКМУ НА ВРЕМЕ ФРЕД!
ЕДВАЈ ЧЕКАМ ДА СЕ ВИДАМ СО СИТЕ ДРУГАРЧИЊА ТАМУ И ДА УЖИВАМ ВО ОДМОРОТ!
ЛЕНИ, ЛОЛА! СПРЕМНИ ЛИ СТЕ?
ДА, СПРЕМНИ СМЕ.
АМА НАШАТА ПЛАНЕТА Е ВО КРИЗА!
ВЛЕГУВАМЕ ВО ЗЕМЈИНАТА АТМОСФЕРА ЗА 3... 2... 1...
ХМММ. ЌЕ МОРА ДА ИСТРАЖИМЕ. СЕ УПАТУВАМЕ НАТАМУ!
ЛЕЛЕ! ШТО СЕ СЛУЧИЛО СО ОВАА ПРЕКРАСНА ПЛАНЕТА?


ВОДИТЕ СЕ ЗАГАДЕНИ, КОРАЛНИТЕ ГРЕБЕНИ УМИРААТ.
ПРЕГЛАДНЕТИ СМЕ. ГОЛЕМИТЕ РИБАРСКИ КОМПАНИИ ПРЕКУМЕРНО ЛОВАТ РИБИ И НИ ЈА ЗЕМААТ ЦЕЛАТА ХРАНА.
ЛУЃЕТО СЕ ОБЗЕМЕНИ ОД ЧУДНА ЗАШЕМЕТЕНОСТ.
НЕ СЕ СВЕСНИ ЗА ШТЕТАТА ШТО ЈА ПРАВАТ НА РИБНИОТ ФОНД И НА ВОДИТЕ.
МОИТЕ СОНЧЕВИ ЗРАЦИ...
ЗЗЗЗЗААААП!
...ЌЕ ГИ РАЗБИСТРАТ НИВНИТЕ УМОВИ!


СУПЕЕЕР!
ПЛАНИРАМЕ ДА РАБОТИМЕ ЗАЕДНО СО ЦЕЛ ДА СТАВИМЕ КРАЈ НА ПРЕКУМЕРНИОТ И НЕЗАКОНСКИ РИБОЛОВ ДО 2020 ГОДИНА.
СЕ НАДЕВАМЕ ДЕКА ОВА БЕШЕ ЕДИНСТВЕНИОТ ПРОБЛЕМ. АЈДЕ СЕГА ДА ОДИМЕ ДА ГО СОБЕРЕМЕ...
АНА, ЈАС СУМ, ЃОКО!
ЈАС СУМ КАЈ МАНГРОВИТЕ.
ДОАЃАМЕ, ЃОКО!
НЕКОЛКУ МИНУТИ ПОДОЦНА...
БЉАААК! ЗАГАДУВАЊЕВО Е ОДВРАТНО. МИ СЕ ЛОШИ ВО СТОМАКОТ.
ФРЕД, ШТО СЕ СЛУЧИ СО ПРЕКРАСНАВА ПЛАНЕТА?
МОЖЕШ ДА ГИ РАЗБУДИШ?
ГИ ВКЛУЧУВАМ СОНЧЕВИТЕ ЗРАЦИ!
ЗЗЗАААП!


УАУ!
НАМАЛУВАЊЕТО И СПРЕЧУВАЊЕТО НА ЗАГАДУВАЊЕТО ЌЕ ПОМОГНЕ ВО ЗАШТИТАТА НА ОКЕАНИТЕ.
ВЛЕГУВАЈ, ЃОКО!
АНА, ВИДИ!
ОХ, НЕ!
ОНОЈ ДЕЛФИН СЕ ГУШИ!
МОЖЕШ ЛИ ДА ЈА ИСЕЧЕШ КЕСАТА СО СОНЧЕВИТЕ ЗРАЦИ?
МПРРРРХ!!! МПРРРРРХХХТТТ!!
БИДИ МИРЕН, ДРУГАРЧЕ, ЌЕ ТЕ СПАСАМ.
ЗЗЗАААП!
ЈУХУУУУ! ЈЕЕЕЕ!
ЌЕ РАБОТИМЕ НАПОРНО ЗА ДА ГИ ЗАШТИТИМЕ МОРСКИТЕ ЕКОСИСТЕМИ И ЧОВЕКОВОТО ЗДРАВЈЕ.


ОВАА ЧУДНА ЗАШЕМЕТЕНОСТ ГИ ПРЕТВОРА ЛУЃЕТО ВО ЗАГАДУВАЧИ.
ОД КАДЕ ДОАЃА?
ГО ПРОНАОЃАМ ПРОБЛЕМОТ...
ПРОИЗВОДСТВО
ТРАНСПОРТ
ОДГЛЕДУВАЊЕ ЖИВОТНИ ЗА ПРОИЗВОДСТВО
ОПУСТОШУВАЊЕ НА ШУМИТЕ
ЗАШЕМЕТЕНОСТА ИЗГЛЕДА ДЕКА ПОТЕКНУВА ОД СИТЕ ОНИЕ ИЗВОРИ КОИ ГИ ЗАГАДУВААТ ВОЗДУХОТ И ОКЕАНИТЕ.
ЛЕЛЕ! ИЗГЛЕДА ДЕКА ЗАШЕМЕТЕНОСТА ЈА ИМА ДУРИ И **ПОД ВОДА.**
ВКЛУЧУВАМ МОД НА **ПОДМОРНИЦА.**
ВРЗЕТЕ СЕ СИТЕ!
ПЛИС!
ГО АНАЛИЗИРАМ КОРАЛНИОТ ГРЕБЕН...
ОД ТУКА СÈ МИ ИЗГЛЕДА ДЕКА Е **ВО РЕД...**


ОХ НЕЕЕ!
КОРАЛНИОТ ГРЕБЕН ИЗГЛЕДА ДЕКА ТРПИ ШТЕТА ПОРАДИ ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ТЕМПЕРАТУРАТА НА ВОДАТА И ЗГОЛЕМУВАЊЕТО НА ЈАГЛЕРОДНИОТ ДИОКСИД...
...ИЛИ, КАКО ШТО ГО НАРЕКУВААТ СКИСЕЛУВАЊЕ.
АКТИВНОСТИТЕ НА ЛУЃЕТО НА КОПНОТО СОЗДАВААТ ЗАГАДУВАЊЕ КОЕ ИМА ШТЕТНО ВЛИЈАНИЕ НА ЦЕЛИОТ ЖИВ СВЕТ.
ДУРИ И ПОД ВОДАТА.
КОГА ЖИВИОТ СВЕТ ПОД ВОДАТА ИМА ПРОБЛЕМИ, ТОГАШ СТРАДА И ЖИВОТОТ НА КОПНОТО.
АНА?
ВНИМАВАЈ!


МАНЕВРИ ЗА ИЗБЕГНУВАЊЕ!
ЗЗЗЗЗААААП!
ЛЕЛЕЕЕ! ТРЕБА ДА ВНИМАВАМЕ.
ЗА МАЛКУ ЌЕ ОСТАНЕВМЕ ЗАРОБЕНИ ВО ЗАШЕМЕТЕНОСТА!
МОИТЕ СОНЧЕВИ ЗРАЦИ МОЖАТ ДА ЈА РАЗБИЈАТ, АМА САМО ПРИВРЕМЕНО.
АКО НАПРАВИМЕ ЕДНОСТАВНИ ПРОМЕНИ ВО СЕКОЈДНЕВНИОТ ЖИВОТ, НИЕ ЛИЧНО ЌЕ ПОМОГНЕМЕ ВО НАМАЛУВАЊЕТО НА ЕМИСИИТЕ ОД ФОСИЛНИТЕ ГОРИВА И ЌЕ ПОМОГНЕМЕ ВО ЗАЧУВУВАЊЕТО НА МОРСКИОТ СВЕТ И ЕКОСИСТЕМИТЕ.


САМО ЛУЃЕТО МОЖАТ ДА СПРЕЧАТ ЗАШЕМЕТЕНОСТА ДА СЕ ВРАТИ.
ТИЕ МОЖАТ ДА ГО СМЕНАТ ВИДОТ НА ХРАНАТА КОЈ ГО ЈАДАТ.
ДА, И ДА ГО СМЕНАТ НАЧИНОТ НА КОЈ ПАТУВААТ.
ПРАВО ПРЕД НАС, ГЛЕДАМ УШТЕ...
ЗЗЗЗЗААААП!
СЕГА ТРЕБА ДА **СПРЕЧИМЕ** ДА СЕ ВРАТИ ЗАШЕМЕТЕНОСТА!
НЕ МОЖЕМЕ ДА ПУКАМЕ ВО СЕКОЈА ЗАШЕМЕТЕНОСТ.
КОГА ЛУЃЕТО ЌЕ НАПРАВАТ ***ПРОМЕНИ,*** ИЗВОРОТ НА ЗАШЕМЕТЕНОСТА ЌЕ ***ИСЧЕЗНЕ.***
ПРИСТИГНАВМЕ ВО ОДМОРАЛИШТЕТО.
СЕГА МОЖЕМЕ ДА ПОЧНЕМЕ СО ***ОДМОРОТ!***


CO2
ЈАГЛЕРОДНИОТ ДИОКСИД ПОМЕШАН СО ВОДА ЈА ПРАВИ ПОКИСЕЛА.
КОГА ВОДАТА СТАНУВА ПОКИСЕЛА, СЕ РАСПАЃААТ ШКОЛКИТЕ НА МОРСКИТЕ ЖИВОТНИ.
КИСЕЛОСТА ПРЕДИЗВИКУВА ШТЕТА И НА СЕТИЛАТА НА ЖИВОТНИТЕ.
ОВА ГО НАМАЛУВА КОЛИЧЕСТВОТО НА РИБА СО КОЈА СЕ ХРАНАТ МОРСКИТЕ ЖИВОТНИ И ЛУЃЕТО.
ПОВРШИНСКИТЕ ВОДИ НА ОКЕАНИТЕ СТАНУВААТ ПОКИСЕЛИ УШТЕ ОД ПРЕД ДВЕСТЕ ГОДИНИ.
АКО НЕ ГО НАМАЛИМЕ ЗАГАДУВАЊЕТО СО ЈАГЛЕРОД ДИОКСИД, ТОА ЌЕ ВЛИЈАЕ ЛОШО НА ПОВЕЌЕТО ОД ЖИВИОТ СВЕТ ВО ОКЕАНИТЕ.
ТИ СИ СЕГА ЧЛЕН НА НАШАТА ЕКИПА „РЕШЕНИЕ ЗА ЗАГАДУВАЊЕТО“ И МОЖЕШ ДА ПОМОГНЕШ ВО ОТСТРАНУВАЊЕТО НА ЗАШЕМЕТЕНОСТА!
СИТЕ НИЕ ТРЕБА ДА ГО СРАБОТИМЕ НАШИОТ ДЕЛ ОД РАБОТАТА ЗА ДА ГИ ЗАЧУВАМЕ МОРСКИТЕ ЕКОСИСТЕМИ.




За одговори и за повеќе информации за тоа што можеш ти да направиш за да ја спречиш зашеметеноста, види на следната страница и на www.anniesunbeam.com

# АНА СОНЧЕВЗРАК™
*и пријателите*



**АВТОРИ:**
Деби Марголис Хорвиц
и Џил Снајдер

**СЦЕНАРИО:**
Деби Марголис Хорвиц,
Џил Снајдер и
Бернард Ченг

**ЦРТЕЖ:**
Бернард Ченг

**БОЕЊЕ:**
Нелсон Зорзето

**ПРЕЛОМ:**
Андреас Силва

**УРЕДНИЦИ:**
Натабара Ролосон
и Кали Ен Кинг-Гафи


**ПОСЕБНА БЛАГОДАРНОСТ**

Ендрју Хадсон
Натабара Ролосон
Шон Саути
Шенон о'Ши
Кали Ен Кинг-Гафи
Грациела Леал
Марко Родригез
Семи Силвер
Џеред Марголис
Клајв Хорвиц
Дилан Хорвиц
Арлин и Херб Марголис
Александра Марголис
Алана Снајдер
Ела Снајдер
Оскар Азула
Рокио Саресес
Марта Једра
Фро Рохас
Кимберли Фрага
Џеки Папие
Ким Тобин
Џенет Керус
Кејти Романо
ЦАА/ Глобал Брендс Груп
Фондацијата Џералд и Џенет
Керус


Одговор на прашањето како да се помогне во заштитата на живиот свет во океаните:
Рециклирање. Собирајте го ѓубрето. Исчистете го ѓубрето од плажите. Користете платнени торби за купување. Возете велосипед. Возете електричен автомобил. Користете енергија од ветар. Посадете градини/ дрвја. Инсталирајте сончеви панели на вашиот дом. Применувајте пракси на одржливо рибарење (купувајте риба од сертифицирани продавачи).

# ОДРЖЛИВИТЕ РАЗВОЈНИ ЦЕЛИ




СЕДУМНАЕСЕТ ЦЕЛИ ЗА ПОСТИГНУВАЊЕ ТРИ НЕВЕРОЈАТНИ НЕШТА ВО СЛЕДНИТЕ ПЕТНАЕСЕТ ГОДИНИ:

1. СТАВАЊЕ КРАЈ НА ГОЛЕМАТА СИРОМАШТИЈА
2. БОРБА ПРОТИВ НЕЕДНАКВОСТА И НЕПРАВДАТА
3. НАМАЛУВАЊЕ НА КЛИМАТСКИТЕ ПРОМЕНИ

СИТЕ ТРЕБА ДА УЧЕСТВУВААТ ВО ОСТВАРУВАЊЕТО НА ОВИЕ ЦЕЛИ, БЕЗ РАЗЛИКА КОЛКУ СЕ МЛАДИ. ЗАТОА, ПРИДРУЖЕТЕ СЕ НА НАШЕТО ДВИЖЕЊЕ, СПОДЕЛУВАЈТЕ ИНФОРМАЦИИ ЗА ЦЕЛИТЕ И ПОТТИКНЕТЕ ГИ ДРУГИТЕ ДА БИДАТ ГЕНЕРАЦИЈАТА КОЈА ГО ПРОМЕНИЛА СВЕТОТ!

# ОДРЖЛИВИТЕ РАЗВОЈНИ ЦЕЛИ

## ЦЕЛ 14: ЖИВ СВЕТ ВО ВОДАТА

**Зачувување и одржливо користење на ресурсите во морињата и океаните.**

**За да се оствари целта 14, државите се согласија на следново:**

- Намалување на загадувањето во морињата до 2025 година, затоа што повеќето од загадувањето потекнува од активностите на човекот на копното.
- Донесување закони со кои ќе се спречат незаконското и прекумерно рибарење, како и другите уништувачки риболовни пракси.
- Обезбедување финансиска поддршка за најсиромашните држави и малите островски држави за заштита и подобро управување со морските ресурси, размислувајќи за иднината.
- Сведување на минимум на ацидификацијата на океаните и справување со истата.
- Зголемување на економските бенефити за островските држави во развој, како и на најмалку развиените држави, до 2030 година, од одржливото користење на морските ресурси, вклучувајќи и одржливо управување со риболовот, аквакултурата и туризмот.

КАКО ПРИПАДНИК НА ЕКИПАТА „РЕШЕНИЕ ЗА ЗАГАДУВАЊЕТО“ НА АНА СОНЧЕВЗРАК, ТВОЈА ЗАДАЧА Е ДА ИМ КАЖЕШ НА ДРУГАРИТЕ И НА СЕМЕЈСТВОТО ЗА ВАЖНОСТА ОД ЗАШТИТАТА НА ОКЕАНИТЕ И НА ТВОЈАТА ЖИВОТНА СРЕДИНА. ЗА ДА ДОЗНАЕШ ПОВЕЌЕ ЗА ТОА КАКО ДА СПРЕЧИШ ЗАШЕМЕТЕНОСТА ДА ГИ КОНТРОЛИРА ЛУЃЕТО ОДИ НА WWW.ANNIESUNBEAM.COM

comicsunitingnations.org

anniesunbeam.com


**Издавач:** Институт за комуникациски студии

**Редакција на македонскиот превод:** Дејан Андонов

**Превод:** Гордан Танасков

**Графички дизајн:** Дејан Јовески

**Година:** 2019

**Објавено првпат од:** Ánimo Grande

Институт за комуникациски студии

НЕ ИГНОРИРАЈ РЕАГИРАЈ за подобра животна средина

Овој производ е подготвен во рамките на кампањата од јавен интерес за подобра животна средина „Не игнорирај! Реагирај!“ на Институтот за комуникациски студии

www.iks.edu.mk www.reagiraj.mk

British Embassy Skopje

Funded by UK Government

Овој производ е подготвен во рамки на проектот „Поддршка за добро владеење преку граѓанско учество за поголема транспарентност и отчетност на институциите во Македонија“ финансиран од Владата на Обединето Кралство, со поддршка на Британската амбасада Скопје. Мислењата и ставовите наведени во оваа содржина не ги одразуваат секогаш мислењата и ставовите на Британската Влада.